**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-548/5**

**Скопје, 27.10.2006 година**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија за 2005 година, на сметката за редовно работење кои се прикажани на страниците 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за млади и спорт за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:
    - Георги Трајчев, директор на Агенцијата за млади и спорт

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 10.07.2006 до 11.08.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да го изрази своето мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

## 10.1. Слабости во функционирањето на системот на интерни контроли

Во оваа точка на Извештајот ревизијата ги презентира клучните наоди, ризици и контролни аспекти кои се резултат на испитувањето на ефикасноста на системот на интерни контроли.
Резултатите се добиени со снимање на интерните контроли, разговори со раководни лица и вработени во Агенцијата за млади и спорт, како и преку преглед на основните документи.

10.1.1. Раководството има дефинирано, но нема воспоставено надлежности за секоја организациска структура. Секторот за нормативно правни и материјално финансиски работи функционира без раководно лице. Во Правилникот за систематизација, предвидено е работно место Раководител на сектор и Помошник раководител на сектор. Раководителот е разрешен, а работното место Помошник раководител е испразнето со превземање на вработениот во кабинетот на Претседателот на Република Македонија. Превземањето е извршено со условно барање од Министерството за финансии, според кое, Агенцијата за млади и спорт да не бара ново вработување за испразнетото место.
Во услови на непостоење на соодветен надзор во работењето, постои ризик од отстапување на контролните постапки.

10.1.2. Поради недоволната кадровска екипираност за извршување на материјално-финансиското работење, не постои разграничување на должностите и јасна распределба на одговорностите во извршувањето на внатрешните контроли.
Во Правилникот за систематизација, во одделението за материјално и финансиско работење предвидени се: раководител на одделение и три извршители, а работните задачи ги извршуваат раководителот и двајца извршители. Раководителот на одделението извршува работни задачи предвидени за самостојниот референт за пресметка и исплата на плати и дел од задачите предвидени за самостојниот референт за сметководство, односно врши пресметка и исплата на плати и евиденција на основните средства.
Во услови на постоечкото контролно опкружување и организациона поставеност на Агенцијата за млади и спорт, не е овозможено целосно следење на функционирањето на интерните контроли. Контролниот систем е незадоволителен, а ризикот за исполнување на задачите на соодветно ниво на квалитет е оценет како висок.


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* -----------------------------

10.1.3. Во Правилникот за систематизација, предвидено е работно место Советник за надзор на законитоста во работењето во областа на спортот и младината – инспектор, кое е непополнето бидејќи нема согласност од Министерството за финансии. Според Законот за спорт, инспекторот е надлежен покрај другото, за вршење надзор на остварувањето на Програмата и средствата за реализација на прифатените програми од јавен интерес.

Непополнетото место инспектор доведува до намалување на контролните постапки во надзорот на остварувањето на Програмата и реализацијата на средствата.

10.1.4. Не е формирано стручно советодавно тело - Совет за спорт, од редот на истакнати стручни и научни работници од областа на спортот, кое, според Законот за спорт, треба да дава мислење за критериумите за распределба на средствата, мерилата и другите акти што ги донесува директорот на Агенцијата. Во услови на нефункционирање на соодветното тело, контролните постапки не обезбедуваат исправност и законитост на сметководствените промени што повлекуваат значајни материјално финансиски обврски за субјектот.

10.1.5. Не е воспоставен информатички спортски систем и не е изготвен правилник за организирање, водење и управување на истиот, во функција на организирано следење и унапредување на состојбата и развојот на спортот, предвидено со Законот за спорт. Од Комисијата за информатичка технологија на Владата на Република Македонија побарана е стручна помош за изготвување на правилникот, но не е добиен одговор.

10.1.6. Не е воведена внатрешна ревизија, која според Законот, е независна објективна активност, со цел да му помогне на раководството во проценка и подобрување на успешноста во процесите на управување со ризикот од злоупотреби и грешки и обезбедување правилна примена на важечките законски прописи.

**Препораки и мерки**

- ✓ Зајакнување на факторите што го дефинираат општото контролно опкружување, со посебен акцент на:
  - Методата на доделување овластувања и одговорности,
  - Контролниот систем на раководството и следење на успешноста на работењето,
  - Методата на контрола на раководење на приготвувањето на буџетот и неговото извршување,
  - Метода на контрола на примената на законите и прописите,
  - Функционирање на надзорните тела,
  - Ефективност на внатрешната ревизија.

- ✓ Да се преиспита Правилникот за организација и систематизација со цел рационално и ефективно да се организира работењето на Агенцијата, а во функција на намалување на ризикот од грешки, да се изврши прецизирање и соодветно разграничување на задачите и распределба на одговорностите со внесување на елементи на проверка.

- ✓ Министерството за финансии, во функција на економично, ефикасно и ефективно вршење на дејноста за која е основана Агенцијата, да даде согласност за работните места утврдени во актот за систематизација.

- ✓ Целосно да се имплементира Законот за спорт, со формирање стручни тела, назначување стручни лица и воспоставување информатички спортски систем, а



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

со цел правилна алокација на средствата за развој на спортот во Република Македонија.

## 10.2. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.2.1. Со увид во Билансот на состојба, ревизијата не се увери во реалноста на позицијата Материјални средства во подготовка во износ од 388,969 илјади денари, на која е евидентиран Проектот 35 спортски сали од 2002 година. Ревизијата констатира дека дел од објектите во изградба се активирани без претходно утврдена вредност и сопственост на истите и дадени под закуп со договори кои не и беа презентирани на ревизијата.
До Владата на Република Македонија доставена е Информација за Проектот 35 спортски сали, во која се предложени можни решенија за надминување на состојбата, по која сеуште не се превземени конкретни активности.

**Препораки и мерки**

- ✓ Владата на Република Македонија да превземе активности за надминување на проблемите поврзани со Проектот 35 спортски сали.

## 10.3. Законско и наменско користење на средствата

10.3.1. Извршена е прераспределба на средствата помеѓу расходните ставки во Билансот на приходи и расходи спротивно на Законот за извршување на буџетот за 2005 година. На ревизијата не и беа презентирани согласностите од Министерството за финансии за извршените пренамени.

10.3.2. Со увид во Билансот на приходи и расходи, ревизијата констатира дека, расходите за договорни услуги во износ од 1,311 илјади денари, се 22% од расходите во групата Стоки и услуги или 33% во споредба со расходите исплатени за нето плати. Во актите за систематизација и организација, за кои има писмена согласност од Агенцијата за државни службеници, предвидени се извршителите и работните места потребни за нормално функционирање на Агенцијата, но истите се непотполнети бидејќи Министерството за финасии нема дадено согласност. Оваа некоординираност во работата на државните органи, доведува до: од една страна непополнети работни места предвидени во систематизацијата, а од друга страна расходи за договори за дело, спротивно на Законот за работни односи.

**Препораки и мерки**

- ✓ Да се врши наменско користење на средствата по расходни ставки.
- ✓ Да се координира планирањето на средствата за плати во Буџетот на Република Македонија со усвоените систематизации од страна на Агенцијата за државни службеници. Министерството за финансии, во функција на економично, ефикасно и ефективно вршење на дејноста за која е основан субјектот, да има увид во предложените акти за систематизација на буџетските корисници и да одобрува согласност за работни места утврдени во усвоените систематизации, со цел намалување на вкупните буџетски расходи. Во спротивно, трошоците од ставката Други договорни услуги ќе заземат поголемо учество во структурата на Буџетот на Република Македонија.

10.3.3. Со увид во документацијата ревизијата не се увери во наменско користење на средства во износ од 23,683 илјади денари, наменети за трансфери до здруженија на граѓани и фондации и до хуманитарни организации, за проектите избрани на повик, кои, преку спортот, реализираат и промовираат меѓусебно запознавање, дружење и комуницирање, мултикултурни вредности, толеранција



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* -----------------------------

и соживот, поради невоспоставен контролен механизам за доделување и наменско користење на истите. Имено, не е утврдена Програма за развој на спортот за период од пет години, не се утврдени критериуми за распределба на средствата по корисници, не е формиран Советот за спорт кој треба да даде мислење за критериумите за распределба на средствата, не е изготвен извештај за остварување на програмата, а со непополнетото работно место – инспектор не е извршена контрола за наменското користење на средствата. Со тоа не се почитуваат одредбите од Законот за спорт.

**Препораки и мерки**

- ✓ Одговорното лице да ги почитува одредбите на Законот за спорт, со цел планираните средства за оваа дејност да се користат наменски, особено во услови кога се помалку се одвојуваат средства за развој на спортот.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точката 10.1 за сметката за редовно работење, сметководствениот и интерниот контролен систем на информациските системи, не функционира соодветно и ефективно.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точката 10.2 за сметката за редовно работење, финансиските извештаи на Агенцијата за млади и спорт за 2005 година не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точката 10.3 за сметката за редовно работење, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

14. **Ревизијата смета за неопходно да укаже на следното:**

Агенцијата за млади и спорт е основана во 2001 година согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, како самостоен орган на државната управа. Извршувањето на надлежностите на Агенцијата дефинирано во наведениот Закон и во Законот за спорт, е тесно поврзано и условено од функционирањето на другите органи на државната управа како и Владата на Република Македонија. Во услови на некоординирано функционирање на Министерството за финансии и Агенцијата за државни службеници, а особено во услови кога Владата на Република Македонија нема:

- донесено Програма за развој на спортот за период од пет години;
- одговор, ниту превземени активности по доставените Информации од страна на Агенцијата, за надминување на проблемите воопшто во дејноста спорт;
- обезбедено стручна помош за воспоставување на информатичкиот спортски систем, кој е основа за успешно функционирање на дејноста спорт;

се доведува во прашање ефективното и ефикасното функционирање на Агенцијата за млади и спорт.

**Скопје, 26/10/2006 година**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

**Агенција за млади и спорт на Република Македонија**
**Средства од буџетот на Република Македонија**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| Опис | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 122,104 | 125,905 |
| **Вкупно приходи** | | **122,104** | **125,905** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1.1 | 7,402 | 6,837 |
| Стоки и услуги | 3.2.1.2 | 5,779 | 5,312 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.1.3 | 108,503 | 113,606 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **121,684** | **125,755** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2.2 | 420 | 150 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **420** | **150** |
| **Вкупно расходи** | | **122,104** | **125,905** |

Образложенијата од страна 8 до 13 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

**Агенција за млади и спорт на Република Македонија**
**Средства од буџетот на Република Македонија**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1 | 4 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 796 | 779 |
| **Вкупно тековни средства** | | **800** | **779** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 15,596 | 11,742 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2 | 388,969 | 388,969 |
| **Вкупно постојани средства** | | **404,565** | **400,711** |
| **Вкупна актива** | | **405,365** | **401,490** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 233 | 242 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2 | 563 | 537 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3 | 4 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **800** | **779** |
| Извори на капитални средства | 4.3.4 | 404,565 | 400,711 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **404,565** | **400,711** |
| **Вкупна пасива** | | **405,365** | **401,490** |

Образложенијата од страна 8 до 13 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* -----------------------------